ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Извештај за успешно завршен процес на размена на податоци со Централен Регистар

**Почитувани,**

Од 25 декември 2023 година Институтот го отпочна процесот на размена на податоци со Централниот регистар на РСМ.

Со Централниот регистар разменети се следните податоци:

- размена на физички лица кои исполнуваат услови за потпишување на годишни сметки - **4582 лица**
- пренесени правни лиценцирани субјекти кои исполнуваат услови за поднесување годишни сметки – **1738 субјекти**

Исто така информираме дека и покрај повеќето јавни повици за проверка и целосно ажурирање на податоците, особено во **делот на вработување, како и правото за потпишување на завршна сметка и финансиски извештаи**, дел од членовите поради субјективни причини не ги ажурираа податоците до 15 јануари 2024. Сепак, постоеја и членови кои од објективни причини не успеале да ги ажурираат податоците, за што во континуитет се консултираа со Институтот. Во насока на излегување во пресрет на тие барања, Институтот одлучи размената на податоците да трае додека е активен процесот.

Оттука, заклучно со 31.03.2024 година Институтот ги објавува следните извршени активности:

| Статистика | |
|---|---|
| Активности | 2024 до 31.03.2024 |
| Издадени уверенија | 128 |
| Упишани во регистар | 104 |
| Ажурирани во систем | 1532 |
| Издадени лиценци за правни лица | 71 |

Исто така, Институтот одржа индивидуални средби со сите членови кои пријавија дека имаат злоупотреба на нивните уверенија и по комплетирање на документацијата, истата ќе ја достави до Финансисовата полиција и Јавното Обвинителство на РСМ.

Управен одбор на ИСОС — Скопје,12 април 2024